Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Бр.08- 1336/1
од 09.02.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М бр. средина (Сл.весник на Р.М бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,39/16 и 99/18), на ден 09.02.2021 година, донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ на Детален урбанистички план за изменување и дополнување на ДУП за Реон Ј - Градска Четврт Ј13 ,блок 01 и блок 02 - Општина Кисела Вода, Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18,168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ на Детален урбанистички план за изменување и дополнување на ДУП за Реон Ј - Градска Четврт Ј13 ,блок 01 и блок 02 - Општина Кисела Вода, Скопје, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Имајки ги предвид сите просторни,технички и функционални карактеристики како и фактот дека просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со ГУП на Град Скопје и е основа за понатамошно планирање на просторот. Ваквите намени во целост се почитуваат во предметниот ДУП. Мотивите за изработка на ДУП на овој предметен плански опфат се развој на одредени површини за градба, согласно ГУП на Град Скопје.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Кисела Вода и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Градоначалник**
**Филип Темелковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
КИСЕЛА ВОДА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА